СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

# XXIII РЕГИОНАЛНИ И XV РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

# ФОЛКЛОРНИ РЕВИИ 2025









СКОПЈЕ ЈУНИ 2025

Информативен билтен СЗПМ Фолклорни ревии

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

**СЗПМ**

# СОДРЖИНА


СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА....................................3

НАСТАНИ ПРЕД И ПО РЕПУБЛИЧКАТА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ........4

ПЕСНИТЕ, МУЗИКАТА, ОРАТА И ОБИЧАИТЕ СЕ ОДРАЗ
НА РАДОСТА И ТАГАТА КОИ СЕ НОСАТ ВО ДУШАТА..................................................5

РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ...................................................8

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ.............17

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО САРАЈ...............................21

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО КРИВА ПАЛАНКА............24

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ЛОЗОВО............................27

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО КАВАДАРЦИ.....................31

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО ДЕМИР ХИСАР.................35

РЕГИОНАЛНА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ ВО КИЧЕВО............................38

XXIV ФЕСТИВАЛ ЗА ТРЕТА ЖИВОТНА ДОБА ВО ЉУБЉАНА - Р СЛОВЕНИЈА
МАКЕДОНСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ ДОСТОИНСТВЕНО
ГО ПРЕТСТАВИЈА СЗПМ И СВОИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА....................................................42



Комисија за културно-забавен живот
на ИО на СЗПМ:



Магдалена
Спировска
- претседател,
Петар Захарчев
Милевка
Здравковска
Борис Грковски
Ванѓа Пенева
Нурие Кадриу
Зоран Стојменовски
Владо Рајчановски
Здравко Бошначки
Манојло Дамовски
Стојка Шалева

Издавач: Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија
За издавачот: Станка Трајкова
Изданието го подготви: Калина С. Андонова, Васил Пачемски
Лектура: Верица Тоциновска
Компјутерско-графичко обликување: Томе Ангеловски
Фото: ЛЕСАНСКИ и архива на СЗПМ
Печати: РИ-Графика - Скопје
Тираж: 300 примероци

СЗПМ

# Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија е самостојна, невладина и неполитичка, мултиетничка организација, кој е самостоен во организирањето и остварувањето на целите, интересите и дејностите на здруженијата на пензионерите во Македонија – членки на Сојузот за нивно остварување согласно со Статутут на Сојузот. Сојузот во континуитет се развива оставајќи позитивни траги и во развојот на државата. Сојузот е асоцијација на 53 здруженија на пензионери, доброволно здружени заради заштита и унапредување на заеднички цели и интереси, а особено за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, како и за поквалитетна здравствена заштита и унапредување на културните, спортските и хуманитарните потреби на пензионерите, утврдени со Статутот на Сојузот.

Сојузот како повисок облик на организирање има органи составени од претставници на здруженијата кои непосредно учествуваат во донесување одлуки на Сојузот. Од овие детерминанти произлегува карактерот на Сојузот. Здруженијата се самостојни субјекти кои ја уредуваат својата организација  со формирање ограноци како основни клетки.

Од 53 здруженија само во Скопје постојат 14, со ограноци и клубови на пензионери кои ги отвораат организираат самите здруженија со свои средства, но многу често и со поддршка на локалната самоуправа. Нивниот број е над 450 клуба од кои околу 50 се на подрачјето на Скопје. Клубовите ги има во градовите, но и во руралните средини. Во нив неделно поминуваат околу 150 000 пензионери. За остварување на правата на пензионерите здруженијата–членки на Сојузот, и СЗПМ соработуваат со општините, со градоначалниците, како и со други здруженија и нивните сојузи, со невладини организации и фондации и со пензионерски асоцијации од други земји.

Оваа година Сојузот одбележува 79 години од првото пензионерско организирање во Македонија, но својство на самостоен правен субјект има од 27 април 1971 година кога е запишан во Регистарот на МВР како општествена организација, која по донесувањето на Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година е пререгистрирано во Основниот суд во Скопје.

Секоја година во организација на Сојузот се одржуваат 8 фолклорни ревии во 8 региони во земјата, каде домаќини се 8 различни градови. Оваа година се одржаа 7, заради трагедијата во Кочани во тој регион не се одржа регионална ревија.

По завршување на регионалните ревии се одржува Републичка фолклорна ревија, на ниво на државата, на која учествуваат најдобрите од сите 53 здруженија, а едно или две здруженија од нив одат на Меѓународниот фестивал за Трета доба во Љубљана веќе 20 години.

Тоа се две најмасовни случувања.

Во организација на СЗПМ се одржуваат и голем број средби и собири по разни поводи во разни излетнички места и културно историски обележја на кои присуствуваа и до 10 000 пензионери. Во рамките на здруженијата развиена е хуманитарна активност која се заснива на солидарност и волонтерство.

Заради сите овие активности, а особено заради негување на националниот фолклор Сојузот на здруженија на пензионери се здоби со статус на организација од јавен интерес за државата.

Сојузот го издава весникот **„Пензионер плус“** кој е официјален весник на Сојузот на здруженија на пензионерите  на Македонија во тираж од 5.500 примероци, и се дистрибуира до здруженијата на пензионери. Весникот има информативен, едукативен и забавен карактер. Во него се поместени информации од животот на пензионерите, информации и написи за нивните проблеми и постигања, написи од нивниот културно–забавен и спортски живот, информации за активностите на здруженијата, информации од ФПИОМ и ФЗОМ, написи за соработката на здруженијата со локалната сауправа, написи за здравје и исхрана, занимливости и друго. Весникот се печати на 16 страници, колор, а излегува во 5 500, но има барања за зголемување на тиражот, заради големиот интерес од страна на пензионерите. Весникот е наменет за пензионерите и оние кои тоа ќе станат наскоро, како и за нивните семејства и е **БЕСПЛАТЕН**. Инаку, весникот го уредуваат пензионери, поранешни професионални новинари, пензионери од сите градови, сите професии и етничка припадност. Една страница во весникот е на албански јазик. Весникот се поместува и на ВЕБ страницата на СЗПМ www.szpm.org.mk, на која здруженијата негови членки имаат свои потстраници. Претседателка на Сојузот и на Извршниот одбор е Станка Трајкова, Претседател на Собранието е Добре Иванов, а секретар Менка Темелковска.

# Настани пред и по Републичката ревија на песни, музика и игри

На Јубилејната 15–та републичка пензионерска ревија на песни, музика и игри во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија која се одржа на 5 јуни 2025 година во Скопје во домот на АРМ ѝ претходеа 7 регионални ревии. Тие се одржаа по 23–ти пат.

На регионалните ревии учестваа пензионерите од четириесет и шест здруженија на пензионери групирани во 7 региони.

**Втор регион**: Карпош, Тетово, Шуто Оризари, Бутел, Тафталиџе, а домаќин беше здружението Ѓорче Петров.

**Трет регион**: Кисела Вода, Воени пензионери, Гази Баба, ОВР на РМ и Илинден, а домаќин беше Сарај.

**Четврти регион**: Куманово, Чаир, Кратово, Центар – Скопје, Солидарност – Аеродром, а домаќин беше здружението од Крива Паланка.

**Петти регион**: Пробиштип, Штип, Свети Николе, Злетово, Струмица, Радовиш и Конче и Ново Село а домаќин беше ЗП Лозово.

**Шести регион**: Гевгелија, Велес, Неготино, Богданци, Валандово, Демир Капија и Дојран, Кавадарци како домаќин.

**Седми регион**: Битола, Прилеп, Ресен и Крушево домаќин беше Демир Хисар.

**Осми регион**: Охрид и Дебрца, Гостивар, Македонски Брод, Вевчани, Струга, Дебар, Центар Жупа и Лабуништа,  Кичево како домаќин.

На Републичката пензионерска ревија на песни, музика и игри први настапија пензионерите од ЗП Охрид и Дебрца. Потоа се редеа здруженијата на пензионери од  Ѓорче Петров, Велес, Куманово, Центар – Скопје, Солидарност – Аеродром, Пробиштип, Битола, Крива Паланка, Чаир, Прилеп, Гевгелија, Крушево, Тетово, Македонски Брод, Кисела Вода, Струмица, Кавадарци, Кичево, Тафталиџе, Лозово, Сарај, Демир Хисар, Струга,  Бутел, Гази Баба.

Во преполнетата сала во Домот на АРМ, ечеше музиката, се виеше орото и се пееше на македонски, на албански, на влашки. Секој настап имаше свој фолклорен израз и приказ на дел од традицијата и културата, на обичаите што се негуваат и што се искажуваат низ песната, музиката и орото. Сето тоа го симболизираше единството, соживотот и сплотеноста на пензионерите во здруженијата и во Сојузот. Ревијата будно ја следеа Комисијата за културно–забавен живот при СЗПМ и селекторот и ТВ–режисер Томче Стојков.

На крајот на сите 26 здруженија учесници на 15–тата републичка ревија им беа доделени признанија за учество на ревијата, а ги додели претседателката на Сојузот Станка Трајкова.

**Здруженија кои го претставувале СЗПМ на фестивалот „Трета животна доба“ во Љубљана Р Словенија од 2009 година до сега по години:**

**2010 Куманово**
**2011 Пробиштип**
**2012 Кочани**
**2013 Тетово**
**2014 Прилеп**
**2015 Радовиш и Конче и Македонска Каменица**
**2016 Битола и Демир Хисар**
**2017 Штип и Ѓорче Петров**
**2018 Охрид и Дебрца и Солидарност - Аеродром**
**2019 Гази Баба и Виница**
**2022 Кисела Вода и Кавадарци**
**2023 Кочани и Центар**
**2024 Ѓорче Петров и Македонска Каменица**
**2025 Крива Паланка и Куманово**

**Од прегледот се гледа дека ЗП Ѓорче Петров, ЗП Македонска Каменица, ЗП Кочани и ЗП Куманово биле двапати.**

# Песните, музиката, ората и обичаите се одраз на радоста и тагата кои се носат во душата

На 5 јуни 2025 година во салата на Домот на АРМ се одржа 15 јубилејна републичка ревија на песни, музика и игри во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На овој голем фолклорен празник настапија пензионери од 26 здруженија членки на Сојузот кои беа селектирани на седумте регионални ревии. Оваа година домаќини беа здруженијата: Ѓорче Петров, Сарај, Крива Паланка, Лозово, Кавадарци, Демир Хисар и Кичево. Настапите на пензионерите од 26-те здруженија оваа година беа на посакуваното ниво благодарение на добрата подготовка на самите пензионери во рамките на нивните здруженија, но и на одржаните состаноци и упатства од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. На ревијата играа и пееја само 26 од 53-те здруженија.



Најнапред на присутните им се обрати и ги поздрави со топли зборови Претседателката на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова и притоа нагласи дека и оваа година ќе уживаме во овој фолклорен празник. Нејзините зборови беа доказ дека се што прави Сојузот го прави со цел пензионерските денови на членовите да бидат исполнети со содржина и рече:

Почитувани пензионери

Ве поздравувам во името на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со желба денес да поминете еден убав фолклорен ден за паметење. Денес на 15-тата јубилејна Републичка ревија на песни, музика и игри, во организација на СЗПМ, ќе пеат и ќе играат пензионери од 26 здруженија кои ќе покажат дека Сојузот и здруженијата се меѓусебно поврзани и се сериозни граѓански субјекти.

Почитувани, дозволете ми на почетокот да го поздравам почитуваниот професор д-р Даниел Павловски од факултетот „Мајка Тереза“ со кој остваруваме меѓународни проекти во интерес на корисниците на пензија, потоа да ги поздравам сите претседатели на здруженија на пензионери коишто денес се тука, а особено ги поздравувам учесниците на ревијата бидејќи без нив немаше да има ревија. Посебно место на денешната ревија секако дека имаат претставниците од Црвениот крст, бидејќи оваа републичка ревија има и хуманитарен карактер и сите заедно ќе пееме и за ангелите од Кочани.

Почитувани, на републичката ревија на песни, музика и игри, ѝ претходеа седум регионални ревии кои се одржуваа оваа година по 23. пат, како едно пролетно музичко движење, а домаќини беа здруженијата на пензионери од Ѓорче Петров, Сарај, Крива Паланка, Лозово, Кавадарци, Демир Хисар и Кичево. Ние пензионерите постојано велиме дека пензионерите се верни чувари на нашиот национален фолклор кој се состои од песни, музика и игри, обичаи, гатанки, носии и накит кој денес ќе го видиме на учесниците на ревијата. Затоа и овој пат ќе ги повторам зборовите дека фолклорот претставува синтеза на културното наследство на еден народ низ вековите, а неговата презентација значи зачувување на себе си, на својот идентитет и несомнено е дека фолклорот е нашето минато, сегашност и иднина.

Почитувани, радува фактот што од ден на ден ревиите стануваат се посодржајни а некои велат дека дури се и совршени, но јас мислам дека, ако за нешто се вели дека е совршено тогаш е изгубен стремежот кон совршенство.

Сојузот како организатор на регионалните и на оваа Републичка ревија ги направи темелно сите подготовки, за да се навлезе што подлабоко во истражувањето и да се настапува со нови содржини. Тоа го прифатија здруженијата и денес ќе имаме изворни песни коишто за прв пат ќе ги слушнеме, а некои од нив се со извесна хумористично-са-

тирична содржина. Како што е познато музиката е чудото кое комуницира со човекот и допира до најдлабоките чувства и е запис на вистинските човечки емоции, а таа веродостојност, на оваа мудра мисла, денес ќе ја почувствуваме сите гледајќи ги настапите.



Ревијата на песни, музика и игри има значајна улога во создавање на синергија која е ефикасно средство во борбата против стресот и аксиозноста. Песната и музиката промовираат убави чувства и релаксирање. А поврзаноста во групата, во орото, во хорот, ги зајакнува социјалните врски и создава чувства на припадност. Физичката димензија на



орото има и унитарни придобивки во ублажување на крвниот притисок и во градење издржливост за совладување и поддршка на животните падови и подеми.

И оваа година, две најдобри здруженија ќе нè претстават на Меѓународниот фестивал „Трета доба“ во Љубљана, каде нашите пензионери се прави промотори на нашиот национален фолклор.

Ќе има наше претставување и во другите сегменти во соработка со Словенија на тој настан. На 11 и 12 јуни 2025 година Сојузот е поканет да присуствува со уште осум земји на настан „Меѓугенерациска соработка“ на кој настан ќе учествуваат земјите од нашето опкружување кои повеќето од нив се членки на ЕУ. На настанот ќе се зборува за генерациска соработка, за заштитата на правата на пензионерите, за создавање на услови за активна трета доба и ќе се потпише декларација за меѓугенерациска соработка, потенцирајќи дека не е добро да се одлучува за нас пензионерите доколку ние не бидеме прашани и консултирани. Исто така беше поставено прашањето дали ние личиме на ЕУ во делот на пензионерското организирање. Нашиот одговор беше „ДА“, затоа што ние повторно ќе покажеме дека сме држава со култура, а македонската гајда покрај друго е официјално поместена и на културната мапа на Унеско за нематеријално културно наследство на човештвото.

Денес на оваа сцена ќе запеат и заиграат 550 учесници пензионери. Ќе се запее македонска, албанска, влашка и песни на сите народи кои живеат на овие простори односно во нашата држава. Денес ќе пееме за младоста, за староста, за среќата, за љубовта, за животот и не случајно се вели дека мудроста е кај постарите, силата е кај младите, заедно сме посилни.

По излагањето на Претседателката Станка Трајкова се заредија здруженијата едни по други квалитетни и добро подготвени...

Манифестацијата Републичка ревија на песни, музика и игри пред многу години била со ревијален карактер. Во далечната 2009 година Сојузот со наше здружение учествувало на Меѓународниот фестивал на Третата доба кој се одржал во Љубљана, Р Словенија. Успешниот фолклорен настап на македонските пензионери таа година им ги отворила вратите на членките на нашиот Сојузот и оттогаш секоја година Сојузот е поканувал да учествува на овој престижен фестивал. Во наредните години било одлучено да се избира здружение кое ќе го претставува СЗПМ и нашата земја во Словенија, токму на оваа манифестација, Републичката ревија на песни музика и игри.

## 15. РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ 2025

При тоа, секогаш се внимавало да оди во Словенија здружение кое ги задоволува сите критериуми поместени во Правилникот за ревии на песни, музика и игри, донесен од Собранието на




СЗПМ и прифатен од сите здруженија. Но, секогаш се внимавало секоја година по можност да оди друго здружение, да одат и помали и поголеми здруженија, здруженија со автентичен фолклор од нашата земја.



Здруженија кои го претставувале СЗПМ од 2010 година до сега по години:

2010 Куманово; 2011 Пробиштип; 2012 Кочани; 2013 Тетово; 2014 Прилеп; 2015 Радовиш и Конче и Македонска Каменица; 2016 Битола и Демир Хисар; 2017 Штип и Ѓорче Петров; 2018; 2019 Охрид и Дебрца и Солидарност – Аеродром; 2020 Гази Баба и Виница; 2022 Кисела Вода и Кавадарци; 2023 Кочани и Центар; 2024 Ѓорче Петров и Македонска Каменица.

ЗП Ѓорче Петров, ЗП Македонска Каменица и ЗП Кочани биле двапати.

Прво здружение кое нѐ претставувало во Љубљана е ЗП Куманово. Оттогаш во изминатите години не било во Љубљана, иако секогаш повеќе или помалку имало добар настап. Но, исто така и на 15–тата републичка ревија, по мислење на мнозина од присутните, но и од органите кои одлучуваат донесена е истата оценка. Одлично и интересно беше и ЗП Крива Паланка, кое иако е релативно мало здружение и во претходните години беше добро, но досега не нѐ претставувало во Љубљана. Значи одлучено е да одат во Љубљана ЗП Куманово и ЗП Крива Паланка не само заради тоа што како здружение не било долго време или воопшто не учествувало на фестивалот „Трета доба“, туку и заради добриот настап, што значи дека се работи за кумулативно исполнети услови, како доследна примена на Правилникот за песни, музика и игри. Несомнено, е дека добри беа скоро сите здруженија и затоа и за нив секаква пофалба за настапот и вложениот труд!

На 15. јубилејната републичка ревија на песни, музика и игри настапија следните здруженија:

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ОХРИД И ДЕБРЦА**

Настап со песната **„Женил ми се Петре војвода“** и машкото оро за рамо **„Свињишко женско оро“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Фолклорна група со орото **„Малешевка“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВЕЛЕС**

Пејачка група со песната **„Бунтовен Велес“**






## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КУМАНОВО**

Сплет на песни и ора
со пејачко–фолклорна
кореографија
**„Зајко кукурајко“,**
**„Ој ти Маро дилиндаро“**
**„Емишино оро“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЦЕНТАР**

Фолклорна група
со песната
**„Болен ми лежи**
**Миле Поп Јорданов“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СОЛИДАРНОСТ АЕРОДРОМ**

Проследено со изворни
песни изведено орото
**„Жетварка“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРОБИШТИП**

Настап со орото **„Машка крстачка“** во сплет со мешаното оро **„Шопка“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БИТОЛА**

Фолклорна група со изведба на орото **„Каламатија“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРИВА ПАЛАНКА**

Свадбарски обичај, со изведба на изворни песни и ора






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЧАИР**

Песна на албански јазик
**„Ти си ми ѕвезда љубичеста“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ПРИЛЕП**

Пејачката група
во изведба на песната
**„Донка се в гора изгуби“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ГЕВГЕЛИЈА**

Соло–изведба и
пејачка група со песната
**„Сношти сакав да ти дојдам“**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КРУШЕВО**

Орото
**„Журчанка“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ТЕТОВО**

Песна на македонски
и обичај лупење пченка
**„Отишла Ленка кај
татка ѝ на кочан“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ТЕТОВО**

Пејачка група
на албански ги исполни
песните:
**„Ти на таа а јас
на оваа страна“
„Кај си одиш мила моја“**






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## МАКЕДОНСКИ БРОД

Соло–изведба на
Миле Андрески
со песната
**„Ацано млада невесто"**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КИСЕЛА ВОДА

Изведба на орото
**„Крцано оро"**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СТРУМИЦА

Традиција кога ќе дојде
невестата кај момчето
**„Митро"**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КАВАДАРЦИ**

Настап со орото
**„Чамче“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**КИЧЕВО**

Пејачка група
со изведба на песната
**„Што си Лено гајлелија“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ГАЗИ БАБА**

Сплет од песни и ора
**„Ѓурѓовден“**






## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛОЗОВО**

Обичај
**„Вселување во нова куќа“**
и орото
**„Овчеполска гајда“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **САРАЈ**

Рефат Реџепи,
Рамадан Сејфула и
Ариф Хаџиу
ја испеаја песната
**„Две гугутки“**
**(„Kendojn di guguce“)**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР ХИСАР**

Фолклорна група со
изведба на машкото оро
**„Демирхисарска гајда“**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СТРУГА

Мешовита пејачка група
ја исполни песната
**„Шета мома по пољана“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## БУТЕЛ

Пејачка група
во изведба на песната
**„Илчовице млада
невесто“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ТАФТАЛИЏЕ

Дуетот Билјана
Аврамова
и Радица Ѓеорѓиева
ја исполни песната
**„Облаче ле бело“**



# ВТОР РЕГИОН

## Домаќин ЗП ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

Здружението на пензионери Ѓорче Петров е правен субјект, формирано на 28.2.2001 година со околу 5 000 членови пензионери, но неговата зголемена активност започнува од 2006 година, кога се формираат разграноци. Активностите се одвиваат преку Комисијата за статут и правни прашања, Комисијата за здравство, Комисијата за материјално финансиско работење и набавки, Комисијата за спорт и рекреација, Комисијата за култура и преку Активот на пензионерки. Во изминатиот период Здружението ги регистрираше поважните настани и случувања и ги забележа во трите издадени монографски изданија, за 10, 15 и 20 години, од своето постоење. Денес Здружението брои повеќе од 8 000 членови кои своите активности ги реализираат преку раководствата во 7-те разграноци, во своите пензионерски клубови. ЗП Ѓорче Петров е прво здружение што направи социјална карта на своето членство, со што има увид во социјалната положба на членството. Работата на Здружението ја карактеризираат хуманитарни активности, а особено соработката со невладината организација „Ајде Македонија“ преку која пензионерите беа снабдувани со пакети и продукти за прехрана, со што на одреден број од нив оваа помош им е добредојдена. Соработува одлично со локалната самоуправа и учествува во сите акции што ги организира општината. Здружението активно и успешно реализира свои програмски активности и се вклучува во сите активности организирани од СЗПМ. ЗП Ѓорче Петров учествува во регионалните и републичките ревии на песни, музика и игри, спортски натпревари, екскурзии на разни дестинации, хуманитарни акции, во соработува со Црвениот крст и други институции. Здружението беше повеќе пати домаќин на регионалните ревии на песни, музика и игри, речиси редовно учествува и на републичките ревии, а во 2017 година настапи на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана, Словенија. Во ЗП Ѓорче Петров со многу постигнати резултати е Активот на пензионерки.

# Преку песни, игри и обичаи искажано културното богатство


Митко Стојаноски


Александар Стојкоски


Станка Трајкова

На 7.5.2025 година во Домот на културата во Ѓорче Петров се одржа најмасовната културна манифестација на пензионерите од здруженијата на пензионери од вториот регион во организација на СЗПМ, а домаќин на ревијата беше ЗП Ѓорче Петров. Добредојде им посака претседателот на ЗП Ѓорче Петров Митко Стојаноски кој се заблагодари на СЗПМ за дадената доверба ЗП Ѓорче Петров да биде домаќин на ревијата од вториот регион, во кој припаѓаат здруженијата: Ѓорче Петров, Тафталиџе, Карпош, Бутел, Тетово и Шуто Оризари. Се обрати и градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Александар Стојкоски, кој им посака добредојде на сите учесници со желба за успешен настап, а истовремено покажа подготвеност за поддршка на ЗП Ѓорче Петров за соработка во доменот на културните манифестации. Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова зборуваше за значењето на манифестацијата низ која се прикажуваат нашите културни традиции, обичаи со што се дава голем придонес во зачувувањето на нашиот идентитет прикажан преку песните, ората и обичаите и ја прогласи ревијата за отворена. На крајот претседателката на СЗПМ во име на организаторот на ревијата на здруженијата учесници на ревијата им додели благодарници. Средбата заврши со заедничко другарување на сите учесници. Да напомниме и тоа дека пред отпочнување на ревијата ЗП Ѓорче Петров во соработка со Црвениот крст Карпош организираше и реализираше хуманитарна акција со доброволен прилог за настраданите од пожарот во Кочани, а со прекрасното дефиле од сите учесници се најави рагионалната ревија.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШУТО ОРИЗАРИ**

Староградски и народни песни со звуците на зурлите, тапаните и кавалот



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БУТЕЛ**

Мешан хор со изведба на песните
**„Aј што мерак имам бабо“**
**„За кого чуваш Дано лицето“**
**„Илчовице млада невесто“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАРПОШ**

Хорска изведба на песните
**„Oј зелено зеленике“**
**„Сношти минав покрај вази“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ТАФТАЛИЏЕ**

Хорска изведба
**„Цветините очи черешови“**
**„Срце ме боли“**
Песна – дует
Билјана Аврамова
Радица Георгиевска
**„Облаче ле бело“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ТЕТОВО**

Изведба на македонска традиционална песна и обичај, песна и гајда
**„Засвирел Стојан“**
**„Ој девојче, девојче ти Тетовско јаболче“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ТЕТОВО**

Пејачка група на албански ги изведоа песните:
**„Измиј, измиј глава како патка“**
**„Ти на таа а јас на оваа страна“**
**„Кај си одиш мила моја“**

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Фолклорна група
во изведба на
**„Малешевско оро“**
Соло–изведба на
Стојан Ѓуровски
**„Петко имал многу жени“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

Пејачка група со песната
**„Јас ќе ти купам**
**срмено елече“**



**Благодарници**
**на здруженијата**
**учесници**



# ТРЕТ РЕГИОН

## Домаќин ЗП Сарај

Здружението на пензионерите на Општина Сарај, како самостојно здружение е формирано на 8.10.2007 година, согласно со Законот за здруженија на граѓани и фондации и Статутот на СЗПМ и сопствениот Статут. Претходно, пензионерите од ова здружение членуваа во ЗП Карпош. Иницијатори за формирањето на здружението на Општина Сарај, биле: Руфат Рамадани, Гани Исмаили, Абедин Кроси, Махир Дураку, Илаз Хаџиу, Бајрам Ебиби и други. Како самостојно ЗП Сарај, според последните податоци на СЗПМ има 2 100 старосни и семејни пензионери и три ограноци: Сарај, Кондово и Буковиќ. ЗП Сарај има Собрание со 13 членови, Извршен одбор со 5 членови и претседател кој истовремено е и на Здружението, Надзорен одбор од 3 членови и 5 комисии, и тоа: Комисија за Статут и правни прашања, Комисија за спорт и спортски активности, Комисија за екскурзии, Комисија за културно–забавен живот и Комисија за здравство и социјални прашања. Здружението во текот на секоја година организира и реализира повеќе екскурзии. Во 2017 година, тоа беше домаќин на регионалните спортски натпревари. Здружението ги организираше и локалните спортски натпревари. Во 2021 година, Комисијата за Статут и правни прашања изврши измени и дополнувања во Статутот со што покрај другото го усогласи со Законот за здруженија и фондации како и со Статутот и препораките на СЗПМ. Здружението е учесник на неколку ревии на песни, музика и игри, организирани од СЗПМ. Во 2020 година, тоа беше домаќин на Регионалната ревија не песни, музика и игри, која се одржа во Спортско рекреативниот центар Сарај, а во организација на СЗПМ. Здружението со група негови членови редовно учествуваше на мултиетничката средба која секоја година се организираше од Здружението на пензионерите Тетово, средба на која учествуваат голем број здруженија од Македонија, членки на СЗПМ. Комисијата за здравство и социјални прашања, во соработка со Црвениот крст на Републиката организираат прегледи на пензионерите. Клубот на пензионерите во Сарај, има одлична соработка со Црвениот крст, водат грижа и во домашни услови за стари и изнемоштени лица.

## Мултиетничка регионална ревија


Махир Дураку


Иљаз Весељи


Менка Темелковска

На 15.5.2025 година, во организација на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, во салата на Културниот дом „Ѓорче Петров“, се одржа 23–тата регионална ревија на песни, музика и игри, чиј домаќин беше ЗП Сарај. На ревијата учествуваа здруженија од третиот регион и тоа: Гази Баба, Илинден, Кисела Вода, ОВР на РМ и ЗП на воени пензионери. На почетокот на ревијата присутните гости ги поздрави домаќинот, претседателот на здружението Махир Дураку, кој посебен поздрав упати до градоначалникот на Општина Ѓорче Петров, Александар Стојкоски, градоначалникот на Општина Сарај Иљаз Весељи, како и до претседателите на здруженијата учесници на ревијата: Ѓорче Петров Митко Стојаноски, Тетово претседателот на собранието Мирко Јовчевски, Гостивар Нијази Џелили и на Штип Ристо Нетков – посакувајќи им пријатен престој и забава. Присутните ги поздрави и градоначалникот на Општина Ѓорче Петров Александар Стојкоски и градоначалникот на Општина Сарај Иљаз Весељи посакувајќи им сè најдобро на пензионерите. Во име на СЗПМ, кој е организатор на регионалната ревија на песни, музика и игри се обрати и ревијата ја прогласи за отворена секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска. Како и на другите ревии на песни, музика и игри, така и на оваа, учесниците максимално беа ангажирани и со голем успех го покажаа она што го знаат, а на присутните им оставија силен впечаток што ќе им остане во долго сеќавање. Со своите настапи, тие дадоа придонес во прикажувањето и чувањето на нашето културно богатство, традиција и идентитет.

ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ИЛИНДЕН**

Пејачка група
**„Седенка се збира“**
**„Цветините очи черешови“**
Сплет на ора
**„Црногорка“**
**„Малешевско оро“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**САРАЈ**

Музичка група со чифтелии
и пејачка група
**„Раката со к’на“**
**„Сретсело свадба голема“**
**„Пеат две гугутки“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
**ОВР НА РМ**

Фолклорна група
со сплет на ора
**„Малешевска плетеница“**
**„Покрај накрај“**






ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## КИСЕЛА ВОДА

Игроорна група
со изведба на
**„Бувчанско оро“**
**„Куцано оро“**
**„Марица оро“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ВОЕНИ ПЕНЗИОНЕРИ

Поезија во придружба
на музика
**„Тишина“, „Цветови“**
**„Очи“, „Мајка“**
**„Бесконечна светлина“**
Хор со песните
**„Ми заплакало селото**
**Ваташа“, „Судбо моја“**
**„Јано ле Јанке убава“**




ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ГАЗИ БАБА

Сплет на песни и ора
**„Ѓурѓовден“**
Езгија
**„Кавалска импровизација“**

# ЧЕТВРТ РЕГИОН

## Домаќин ЗП Крива Паланка

Здружението на пензионери Крива Паланка и Ранковце според податоците со кои располага е формирано во 1959 година, како подружница Крива Паланка, која во тоа време броела само 160 членови–пензионери. Во текот на повеќегодишното постоење здружението поминувало низ тешки моменти, со подеми и падови и опстанало до денес. Во шеесеттите години од минатиот век бил изграден Дом на пензионери со 9 соби и клуб за дневен престој на пензионери. Подоцна е направена замена и Домот е даден на Републичкиот фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија, а за тоа добиен е друг помал простор во зградата на ФПИОМ со бифе–клуб и канцеларија. Прв претседател бил Филип Филиповски, а во изборите во 2019 година, кога за претседател на ЗП е избран Трајче Давидовски. За време на постоењето Здружението имало богати активности и денес е едно од најактивните здруженија, членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. За тоа сведочат голем број признанија и пофалби добиени од СЗПМ и од други институции со кои соработува ЗП Крива Паланка и Ранковце. Посебно заслужува да се истакне наградата од Општината, која ја има добиено досега двапати по повод Денот на ослободувањето на Крива Паланка, 8 октомври. Како и другите здруженија, членки на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, и ова здружение има свои органи и тела, како и свој Статут, а секоја година донесува програма за работа и усвојува извештај за работа и годишна сметка. Со изборите во 2019 година, новоизбраното раководство е фокусирано главно на програмските цели и задачи зацртани во програмата и на активностите, во интерес на членството. Соработката на здружението со Општината и со СЗПМ е на посакуваното ниво и учествува во сите активности организирани од Сојузот и од градот. Речиси секоја година зема учество на регионалните ревии на песни музика и игри, а неколку пати е и успешен домаќин. Повеќе пати е домаќин на регионални ревии и редовно учествува на републичките ревии, а во 2025 година настапи на Меѓународниот фестивал за трета животна доба во Љубљана.

# Пензионерите вистински чувари на традициите


Трајче Давидовски


Сашко Митовски


Станка Трајкова

На 30 април во НУЦ за култура во Крива Паланка се одржа 23–та регионална ревија на песни, музика и игри од четвртиот регион за 2025 година, во организација на СЗПМ, а домаќин беше ЗП Крива Паланка. На манифестацијата најпрво и претходеше дефиле кое започна од централниот плоштад на Крива Паланка и продолжи до пред зградата на Општина Крива Паланка, каде што сите учесници го изиграа заеднички македонското оро. Ревиите имаат цел да ги зачуваат од заборав традиционалните македонски песни, ора и обичаи, како и на сите други кои живеат во нашата земја, а кои се продолжение на нашите традиции. На оваа 23. регионална ревија на песни, музика и игри 2025 година, од четвртиот регион, учесници беа здруженијата на пензионери од Куманово, Кратово, Солидарност – Аеродром, Центар, Чаир и домаќинот Крива Паланка. Ревијата имаше и мултиетнички карактер бидејќи Здружението на Чаир е мултиетничко здружение. На ревијата прв се обрати претседателот на ЗП Крива Паланка Трајче Давидовски, кој ја поздрави претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и воедно и се заблагодари што ни ја даде довербата да бидеме домаќини на една ваква значајна манифестација. На учесниците им посака успешен настап и рече дека најважно од сѐ е дружењето. Градоначалникот Сашко Митовски на Општина Крива Паланка ги поздрави учесниците, притоа изрази поддршка за ваквите настани кои се од големо значење и претставуваат пример за соживот, грижа за нашите корени и нашето постоење. Од името на организаторот се обрати претседателката на Сојузот Станка Трајкова и при тоа истакна дека, иако е мало здружението со активности се носи со поголемите здруженија, на крајот ја прогласи ревијата за отворена.



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЦЕНТАР**

Хор „Елегија“ со песните
**„Мајка роди машко чедо“**
**„Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“**
**„Крај морето шир-широко“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СОЛИДАРНОСТ АЕРОДРОМ**

Оро проследено со изворни песни
**„Жетварка“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КУМАНОВО**

Сплет на песни и ора
**„Жетварка“**
**„Што ми е мерак“**
**„Зајко кукурајко“**
**„Ој ти Маро дилиндаро“**
**„Емшино оро“**
**„Паланечка тројка“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЧАИР**

Хорска изведба на албански, соло со чифтелии
**„Мој Зого“**
**„Колку радост имам во срцето“**
На македонски
**„Мори Зого“**
**„Тргнало ми лудо младо“**
**„Бело лице љубам јас“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРАТОВО**

Кратовски тамбураши
**„Под кулите на Кратово“**
**„Откако ме остави“**
**„За кого ти цути Дано лицето“**
**„Цветините очи черешови“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРИВЛА ПАЛАНКА**

Свадба од кривопаланечкиот крај проследена со изворни песни и ора
**„Китче ми падна“**
**„Ој ти Маро“**
**„Паланечка тројка“**



# ПЕТТИ РЕГИОН

## Домаќин ЗП ЛОЗОВО

Според податоците, ЗП Лозово функционира од пред 24 години. Идејата за формирање на здружението била на неколкумина интелектуалци од Лозово. По формирањето бил донесен и првиот Статут на здружението и другите правни акти. Ова здружение е едно од помалите и е со мешана меѓуетничка припадност бидејќи во него членуваат Македонци, Албанци, Роми, Власи и пензионери од другите етнички заедници. Со одвојувањето од ЗП Свети Николе здружението е формирано и работи самостојно. Претседател на Извршниот одбор е Марија Моневска а претседател на Собранието на здружението е Фина Стојанова. Здружението е организирано на територијален принцип со 5 месни ограноци. Според статутот, Здружението на пензионери Лозово сега го сочинуваат: Собрание од 19 членови, како највисок орган на здружението, Извршен одбор од 9 членови. Од формирањето до денес, здружението има активна улога во сите случувања и претставува важен сегмент во збиднувањата во општината и пошироко. ЗП Лозово 2019 година беше домаќин на Регионалната ревија на песни, музика и игри во организација на СЗПМ. Во областа на спортот, учествуваа на регионалните спортски натпревари и на Републичките спортски натпревари што се одржуваат во организација на Сојузот. Во рамките на проектот „Рурален пензионер“ од активистите на здружението беа посетени пензионери од руралните средини. Повеќето од средствата се наменуваат за хуманитарни цели и помош на пензионери со ниски примања или болни. За одбележување е активноста на Активот на пензионерки кои се исклучително проактивни со нови мерки и предлози како да се грижат за пензионерите во услови на пандемија. На 24 ноември 2024 Здружението на пензионери Лозово учествуваше со два зелника на манифестацијата „Марифет под вршник“ во Лозово. Манифестацијата се состоеше од настап на повеќе фолклорни ансамбли и печење под вршник на различни специјалитети. Во дворот на Домот на културата „Кочо Рацин“ во Лозово, првпат се одржа манифестацијата со натпреварувачки карактер.

## Ревија која долго ќе се памети


Марија Моневска


Бошко Цветковски


Менка Темелковска

Дваесет и третите регионални ревии, на петтиот регион се одржаа на 14 мај 2025 година во Лозово. Орнаментите од етно-украсената бина се споија со живописните народни носии на учесниците од осумте здруженија од петтиот регион. На ревијата присуствуваа секретарката на СЗПМ Менка Темелковска и градоначалникот на Општина Лозово, Бошко Цветковски. Учесниците од осумте здруженија учествуваа во дефилето низ главната улица во Лозово. Прекрасна глетка, шаренило, спектар на бои од различните облеки и акорди од различни музички инструменти. На присутните најпрво им се обрати Марија Моневска, претседател на ЗП Лозово, која им посака добредојде во општината. Градоначалникот на Општина Лозово, Бошко Цветковски, исто ги поздрави присутните и го изрази своето задоволство што Лозово е домаќин на манифестацијата. Тој зборуваше за успешната соработка со ЗП Лозово и вети дека ќе ги поддржува активностите на пензионерите. Менка Темелковска секретар на СЗПМ, со воодушевување зборуваше за ентузијазмот на пензионерите, кои се амбасадори на македонската традиција, прогласувајќи ја ревијата за отворена. Потоа се слушнаа музичките акорди на музичките инструменти и прекрасните народни песни и ора. На ревијата учествуваа здруженијата на пензионерите: Струмица, Пробиштип, Радовиш и Конче, Злетово, Штип и Карбинци, Свети Николе, Ново Село и домаќинот Лозово. На крајот претседателката на Комисијата за културен и забавен живот на СЗПМ, Магдалена Спировска ги додели благодарниците за учество.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СТРУМИЦА**




Пејачката група со изведба на песните:
**„Една љубов во Струмица“**
**„Станувај Донке“**
Традиција кога ќе дојде невестата кај момчето
**„Митро“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРОБИШТИП**



Песна и оро
**„Купила ми мама шарени чорапи“**
Машко оро
**„Машка крстачка“**
Машки дует
**„Запали се Јанина планина“**
Мешано оро
**„Шопка“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **РАДОВИШ И КОНЧЕ**



Пејачка група со изведба на изворни песни
**„Бог да го бие мамо“**
**„На срце ми лежи мила мамо“**
**„Мајка на Марика думаше“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЗЛЕТОВО**

Пејачка група со песните
**„Две ми другки друговале“**
**„Нарочува бело Менде“**
**„Китче ми падна бре Величе“**
Хумористична песна
**„Дедо ја баба учеше“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ШТИП**

Пејачка група и разиграните штипјани се претставија со орото **„Штипски сплет“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **СВЕТИ НИКОЛЕ**

**Песните**
**„По сокаци одам“**
**„Крај Вардара седеше“**
**Жетварска песна**
**„Каде си тргнала Кито боса на жетва“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **НОВО СЕЛО**

Јосиф Златанов во изведба на песните:
**„Што ми е мило ем драго“**
**„Море три години Стамбол го шетав“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛОЗОВО**

Народен обичај
**„Вселување во нова куќа“**
Песните
**„Нико, Нико меанџико“**
**„Сношти сакав да ти дојдам“**
Оро
**„Овчеполска гајда“**




**Благодарници на здруженијата учесници**



# ШЕСТИ РЕГИОН

## Домаќин ЗП Кавадарци

Здружението на пензионери Кавадарци според податоците со кои располага здружението формирано е 1997 година како самостојно, кога се издвојуваат пензионерите инвалиди. Во 1998 година е избрано првото Собрание кога е донесен и првиот статут на здружението. Во првото Собрание се избрани 28 делегати а за претседател на Собранието е избран Панчо Грков. Во првиот Извршен одбор се избрани 11 членови а во Надзорниот одбор три членови. Во текот на повеќегодишното постоење здружението имало подеми и падови сепак опстанало до денес. Здружението има 26 ограноци. Во него функционираат: Комисија за спорт, Комисија за културно–забавен живот, Комисија за работа на клубови, Комисија за одмор и рекреација, Комисија за развој и инвестиции, Комисија за здравство, Активот на пензионерки, Надзорен одбор и статутарна комисија. Здружението има три клубови, едниот наскоро е отворен во Росоман. Комисиите и телата кои ги имаат, донесуваат значајни заклучоци и одлуки од интерес на пензионерите. ЗП Кавадарци има одлична соработка со локалната самоуправа, општинската организација на Црвениот крст, со повеќе здруженија на пензионери во Македонија. Тоа има добра соработка и е збратимено со здруженијата од Прилеп, Кочани и Лесковац, Република Србија. Неговото раководство секогаш се залага за домаќинско трошење на финансиските средства. Тоа е едно меѓу ретките во Републиката кои го имаат решено просторното прашање со функционални простории за работа, а располага и со клуб на пензионери во кој дневно по стотина пензионери го минуваат времето во дружење и рекреација. Здружението на пензионери Кавадарци, според последните податоци има 7 350 членови пензионери.

# Фолклорната традиција продолжува


Цанко Пановски


Менка Темелковска

На 23 април во салата на Домот на културата во Кавадарци се одржа 23–та ревија на песни, музика и игри од шестиот регион. Присутните гости и учесници, прв ги поздрави и им се обрати претседателот на ЗП Кавадарци, Цанко Пановски. Тој изрази благодарност до СЗПМ за укажаната чест да бидат домаќини на оваа средба, притоа заблагодарувајќи се за честитките од претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова. Потоа упати и поздрави до претставниците од Советот и локалната самоуправа и до сите присутни гости и учесници во ревијата.

– Почитувани, песната односно изворската народна песна и оро се тие кои на нас луѓето од третата доба ни ги топлат срцата и ни ја разбрануваат душата. Затоа уживајте во музичкиот дел и чувствувајте се пријатно, рече на крајот од своето обраќање претседателот Пановски. Од името на СЗПМ се обрати Менка Темелковска, секретар на ИО на СЗПМ. Таа ги поздрави гостите и учесниците и им посака добро расположение, добра забава и убави мигови кои придонесуваат за поквалитетен живот во третата доба и рече дека пензионерите преку одржување на ревиите придонесуваат за зачувување на културното богатство и се достојни чувари на традицијата. По обраќањето таа ја прогласи ревијата за отворена. Потоа следуваше настапот на учесниците во ревијата. Освен со убавата музика ревијата беше збогатена и со поезија чии презентери беа Јована Ангеловска Змејковска од Кавадарци со личната творба „Лето е“ и Нада Алексовска од Велес со „Кога орото ќе зоврие“. На крајот благодарници добија сите претседатели на осумте здруженија, за учество во ревијата, а нив им ги врачи претседателката на Комисијата за култура при СЗПМ Магдалена Спировска.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КАВАДАРЦИ**

Пејачка група
**„Промени се Кајо“**
**„Посеала баба до три зрна просо“**
Игроорна група ората
**„Чамче“**
**„Егејско оро“**
Соло–изведба на Јован Еленов со песната:
**„Тиквеш крају најубав“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БОГДАНЦИ**

Пејачка група со изведба на три песни
**„Ајде, ајде моме Стојне“**
**„Стани моме да заиграш“**
**„Куќа имам на Пелистер“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДОЈРАН**

Пејачка група со изворни песни
**„Ѓуро болен лежи“**
**„Еј мори Рушке“**
**„Оти Јано“**





## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **НЕГОТИНО**

Мешана пејачка група со песните:
**„Болен лежи млад Стојан“**
**„Доста, доста, лично бре Стојне“**
**„Заспала Јана Јанинка“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВЕЛЕС**

Пејачка група ги исполнија песните
**„Бунтовен Велес“**
**„Нешто ќе те питам бабо“**
**„Една желба имам“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВАЛАНДОВО**

Хор во изведба на изворни народни песни
**„Настрана, настрана бе Нешо“**
**„Мома седи на чардакот“**
**„Цветините очи церешови“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГЕВГЕЛИЈА**

Пејачка група со песните
**„Ангелино малој моме“**
**„Сношти сакав да ти дојдам“**
**„Зурли трештат на сред село“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР КАПИЈА**

Пејачка група со песните:
„Јано ле Јанке“
„За кого ти цути лицето“
„Мариче ле лично девојче“



**Благодарници на здруженијата учесници**



## СЕДМИ РЕГИОН

# Домаќин ЗП ДЕМИР ХИСАР

Здружението на пензионери Демир Хисар, со Одлука на локалната самоуправа Демир Хисар, е формирано во 1968 година, а прв претседател бил Пејко Пејковски кој ги поставил темелите на она што денес е ЗП Демир Хисар. Здружението брои околу 1 500 членови, а дејствува преку своите 17 огранoци, кои се организираат за подрачјето на едно или на повеќе помали населени места. Тие работат преку собири, а секој огранок има претседател и секретар кои се и врската со ЗП Демир Хисар. Според актот на основање на Здружението на пензионери Демир Хисар, тоа е формирано со цел остварување на заедничките интереси на пензионерите од Општина Демир Хисар, а посебно за спроведување и реализација на повеќе задачи како што се остварување на правата на пензионерите, унапредување на културните, спортските и други активности, здравствената заштита, организирање манифестации, одмор и рекреација, помош на материјално загрозени пензионери, соработка со други здруженија и други цели кои се во интерес на пензионерите. Органи на здружението се: Собранието кое го сочинуваат 19 членови, Извршниот одбор 7, а Надзорниот одбор, Статутарно–правната комисија, Комисијата за социјална и здравствена заштита и Комисијата за спорт и рекреација по тројца членови, додека Активот на жени го сочинуваат седум пензионерки. Претседател на ЗП Демир Хисар е Кирило Блажевски на кој ова му е втор мандат. Во 2015 и 2020 година, здружението беше домаќин на регионалните ревии на музика, игри и песни. Од 2012 година редовно настапува и на Републичките ревии во Скопје, а во 2016 заедно со ЗП Битола и машката игроорна група го претставуваше СЗПМ на Фестивалот за трета животна доба во Љубљана, Р Словенија.

# Презентација на културното наследство на македонскиот народ

На 16–ти април, Домот на културата „Илинден“ во Демир Хисар беше центар на најмасовната средба на пензионерите од здруженијата на пензионери од 7–от регион. Ревиите се во организација на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија. На настанот прв добредојде на учесниците и на гостите им посака претседателот на ЗП Демир Хисар Кирило Блажевски, кој ги поздрави присутните и го истакна значењето на настанот за пензионерите. Тој меѓу другото рече:


Кирило Блажевски


Никола Најдовски


Станка Трајкова

– Сите ние, со посебен ентузијазам го негуваме и презентираме богатото културно наследство на македонскиот народ, а со овој бран и елан на творечко ангажирање даваме пример на помладите генерации за негување на традициите. Потоа градоначалникот Никола Најдовски им посака успешен настап на учесниците и искажа подготвеност за поддршка на ЗП Демир Хисар во натамошното пензионерско делување, како и на одржување вакви манифестации. Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова зборуваше за значењето и придонесот на ревијата во негувањето на културните традиции и зачувувањето на идентитетот на државата. Меѓу другото, таа истакна дека со ревиите се дава голем придонес за враќање од заборав изворни песни, музика и обичаи, а воедно ја прогласи и ревијата за отворена. Полни со ентузијазам и желба да го покажат она што го знаат и го носат како аманет од многу генерации, а притоа не криејќи ги своите чувства, пензионерите пееја и играа, песни испеани во минатите времиња. Пензионерите, облечени во преубава живописна и филигрански изработена носија, со инспиративните ора и песни, пред големиот број на посетители, автентично им ги презентираа уникатните ора, песни и обичаи.

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **БИТОЛА**




Хорска изведба на песните:
**„Не стој Доне Донке“**
**„Се посврши сербез Донка“**
Ора
**„Абре воденичаре“**
**„Битолско оро - Каламатија“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ПРИЛЕП**




КУД Пензионер со песните
**„Станвај Донке“**
**„Едно име имаме“**
**„Донка се вгора изгуби“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КРУШЕВО**




Хорска изведба
**„Не се фаќај Доне Донке“**
**„А ла мунте аналту“ („Еј висока планино“)**
Женско оро
**„Журчанка“**




## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕМИР ХИСАР**

Оро
**„Брсјачко“**
Соло–песна во изведба на Драган Мицевски
**„Една желба имаме“**
Машко оро
**„Демирхисарска гајда“**




**Доделување на благодарници**



**Благодарници на здруженијата учесници**

# ОСМИ РЕГИОН

## Домаќин ЗП КИЧЕВО

Според сеќавањата на пензионерите ЗП Кичево е формирано во педесеттите години од минатиот век. Зградата е почната да се гради во 1969 година, а во 1971 година во неа се смести Здружението на пензионери Кичево. Во почетокот тоа има мал број пензионери за во 2022 година да има околу 5000 пензионери. Во Здружението членуваат: Македонци, Албанци, Турци, Роми, Власи, Срби и Бошњаци и се работи на волонтерска база. Единствено благајникот и домаќинот се лица со редовен работен однос. Здружението има 11 месни ограноци. Во него функционираат 7 комисии и Актив на пензионерки. Претседател е Душан Ристоски, а претседател на Собранието е Мехмед Мехмеди. Органите, комисиите и телата кои ги имаат донесуваат значајни заклучоци и одлуки од интерес на пензионерите. Здружението на пензионери Кичево има одлична соработка со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како и со локалната самоуправа, општинската организација на Црвениот крст, Домот на културата, Фондот за пензиското и инвалидското и здравствено осигурување и други организации и институции. Тоа секогаш се залага за домаќинско трошење на финансиските средства. Тие се користат за подобрување на животот на пензионерите, за заштита на старите и изнемоштени лица, како и да се помогне на пензионери со ниски пензии. Здружението на пензионери зема учество на манифестациите од областа на културниот и спортскиот живот на пензионерите (регионални и републички), што ги организира Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, а секоја година го одбележува и 20 септември Денот на пензионерите на Македонија. Исто така, организира и повеќе екскурзии за пензионери, претежно во градовите од источниот дел на Републиката, по можност и по една екскурзија годишно надвор од Републиката, пред сè, во Србија и Албанија.

# Културното наследство патоказ за идните генерации

Во организација на СЗПМ, се одржа 23. регионална ревија на песни, музика и игри од 8–от регион, а домаќин беше ЗП Кичево. Ревијата се одржа на 21 мај 2025 година во Центарот за култура „Кочо Рацин“ во Кичево. На почетокот учесниците ги поздрави претседателот на здружението Душан Ристоски кој рече:

– Денешниот настан ќе го започнеме со голема тага за загинатите во Кочани во кој настрадаа млади луѓе, кои исто така отидоа да се забавуваат и да слушаат музика, но при тоа многумина од нив ги загубија животите. Ве повикувам со едноминутно молчење да им оддадеме достојна почит. Потоа претседателот ја поздрави Претседателката на Сојузот Станка Трајкова, како и сите учесници на оваа ревија. Учесниците на албански јазик ги поздрави членот на ИО при ЗП Кичево, Седат Мустафа. Претседателот на ЗП Кичево Душан Ристоски го претстави историскиот развој на градот Кичево, потенцирајќи ги сите знаменитости, а посебно постоењето на двата манастири: манастирот Света Богородица – Пречиста и манастирот каде што се одвивале настани од големо значење за нашата земја и за нашиот македонски јазик. Претседателот Ристоски ги пофали и пензионерите при здружението кои со голем ентузијазам ги изведуваат песните и орота со цел да ги продолжат вековните традиции и да го зачуваат културното богатство како патоказ за идните генерации. Од име на организаторот СЗПМ учесниците ги поздрави претседателката Станка Трајкова, која говореше за значењето на овие манифестации. Потоа говореше за соработката на Сојузот со ЗП Кичево, истакнувајќи дека соработката е многу добра и успешна. Исто така, говореше и за тоа дека објавената фотомонографија за кичевските пензионери е добро прифатена од пензионерите.


Душан Ристоски


Станка Трајкова



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **КИЧЕВО**

Хорска изведба на песните
**„Ратка“**
**„Што си Лено гајлелија“**
**„Низ корија зелена босо моме шета“**
**„Ацано млада невесто“**
**„Ајде поминувам“**



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ЛАБУНИШТА**

Изведба на песните
**„Сношти сакав да ти дојдам“**
**„Дали знаеш и паметиш Милице“**
Рецитал во изведба на хумористот Шабан Адемоски



## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ВЕВЧАНИ**

Машка пејачка група со оркестар ги исполнија песните
**„Од Марето косето“**
**„Чиво ли е“**
**„Посадил дедо“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **МАКЕДОНСКИ БРОД**



Соло–изведба на Миле Андрески
**„Ацано мома“**
Дует Даница Максимоска и
Стојан Миноски песната
**„Нико, Нико меанџико“**
Солист Абдулкадар Саитоски
**„Три години Стамбол го шетав“**
Вокалната солистка со песната
**„Ој зелено зеленике“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ДЕБАР И ЦЕНТАР ЖУПА**



Солист Блаже Петрески со песната
**„Те кажуват бре Илиној моме“**
Солистка Арфија Јонузи со песната
**„Пензионерска песна“**
Бесник Пјеча
поезија на албански
**„Среќен пензионер“**

## ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ **ГОСТИВАР**



Придружена со синтисајзер
на песните
**„Си заљуби Џефа“**
Соло Елена Јакимоска
**„Од там се гледа Македонија“**
Соло Линда Бишири
**„Наоколу го поминав Гостивар“**
Соло Фети Селими
**„Точно, точно, шеро, шеро“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## ОХРИД И ДЕБРЦА

КУД „Далги“ со
Колаж на песни
**„Женил ми се
Петре војвода“**
Ора
**„Право машко
оро за рамо“**
**„Елено моме Елено“**



ЗДРУЖЕНИЕ
НА ПЕНЗИОНЕРИ
## СТРУГА

Мешан хор ги
исполнија песните
**„Излегла Евда
низ чаршија“**
**„Песна за Струга“**
**„Шета мома
по пољана“**



**Благодарници
на здруженијата
учесници**

f3žo 24. FESTIVAL ZA tretje ŽIVLJENJSKO OBDOBJE

### 24. фестивал „Трета животна доба“ во Љубљана

# Македонските пензионери достоинствено го претставија СЗПМ и своите здруженија

На 1 октомври, во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на стари лица во Љубљана, Република Словенија традиционално се одржува Меѓународниот фестивал на Трета доба. Се работи за најголем словенечки настан, посветен на постарите лица, кој го промовира активното стареење и влијае на подобрување на квалитетот на животот и меѓугенерациската солидарност. Нивното мото е „**Сите сме една генерација“ и „Ништо за нас - без нас**“ повикувајќи се на значењето на повозрасната популација за случувањата и одлучувањата во општеството.

Оваа година, Фестивалот се одржа на 30 септември и први октомври, со учество на претставници од Австрија, Бугарија, Унгарија, Македонија, Србија, Црна Гора, Италија и Босна и Херцеговина. Нашата држава и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ја претставуваа здруженијата на пензионери од Куманово и од Крива Паланка и Ранковце, кои беа избрани на Републичката ревија на песни, музика и игри, според критериумите на правилникот за ревии на песни, музика и игри и на организацискиот одбор при СЗПМ. Пред тоа за овој настап, учесниците под водство на уметничките раководители се подготвуваа напорно неколку месеци, со цел за поуспешна презентација на македонскиот фолклор.

Со несебична помош од Претседателката на СЗПМ Станка Трајкова и во координација на Димитар Димитриевски, Снежана Андова, претставници од Сојузот, како и на потпретседателот на ЗП Куманово Стојан Арсовски и претседателот на ЗП Крива Паланка и Ранковце Трајче Давидовски беа преземени сите подготвителни активности за гостувањето во Љубљана да помине во најдобро светло и нашите учесници квалитетно и креативно да го презентираат македонското фолклорно богатство.

За престојот во Словенија, подетално не информираше Снежана Андова, член на ИО на СЗПМ, која ни раскажа како го доживеала настапот на меѓународниот фестивал:

„На 30 септември 2025 година во салатана Цанкаревиот дом, во Љубљана со посебни влезници беше обезбедена можност да се проследи свеченото отворање на Фестивалот трета доба. Главен покровител беше Претседателот на Република Словенија д–р Роберт Гален, а свое обраќање имаше и генералниот директор на Фестивалот Тихомир Ковачиќ и претседателката на програмскиот совет Власта Нусдорфер. По нивните обраќања беше изведена и свечена програма со песни и музика презентирана од ученички хор, како и доделување на признанија на заслужните што имаат свој придонес за овој настан“.

Македонските претставници на првиот ден од Фестивалот со триесетминутен настап на сцената на Цанкаревиот дом ги покажаа своите кореографии со неколку ора и песни од Кумановско и Кривопаланечко, подготвени со посебен акцент на традиционалните македонски обичаи поврзани со овие краеви. Така, фолклористите од ЗП Куманово







се претставија со изведба на песни и ора од Пчињскиот регион, а настапот на пензионери од Крива Паланка и Ранковце се состоеше од игри и песни и обичаи за свадба. Публиката во салата ги награди со долги аплаузи.

По завршување на настапот, учесниците од Македонија имаа несекојдневна можност да ја запознаат Љубљана и нејзините убавини. Со посебна благодарност до кумановецот Зоран Арсовски кој е наш член, пензионер и живее неколку години во Словенија, кој, освен што ни приреди топол пречек при пристигнувањето, беше и водич низ центарот на Љубљана и воедно сниматeл на случувањата. Додека го разгледувавме градот, спонтано фолклористите запеаја македонска песна и заиграа оро, со што предизвикаа воодушевување и овации од случајните посетители во градот.

На вториот ден, додека траеше настапот на нашите учесници, беше организиран прием за претставници од СЗПМ со словенечките домаќини, организаторите на Фестивалот и претставници од амбасадата. Тие ја изразија својата благодарност за присуството и презентираното македонско фолклорно богатство, со надеж дека соработката во иднина ќе биде не само продлабочувана туку и збогатена на културен план, со акцент на негување на пријателството меѓу двата народа, на организирање на нови заеднички средби и манифестации. Од името на СЗПМ, беа пренесени топли поздрави до домаќините и до организаторите на Фестивалот, на кои им беа дадени информативни материјали за активностите на СЗПМ.

По завршување на средбата и на настапот на двете здруженија беше реализирана и посета на Сојузот на пензионерите на Словенија од страна на претседателката Зденка Јан. Во срдечна и пријатна атмосфера, домаќините на гостите од Македонија им приредија изненадување и преубав пречек со традиционалните словенечки специјалитети. Средбата заврши со заедничко оро на општо задоволство на сите.

Општ впечаток е дека гостувањето во Љубљана ќе им остане долго во сеќавање на сите, а сето ова немаше да биде доживеано доколку не беше воспоставена соработка помеѓу СЗПМ и Сојузот на пензионерите на Словенија, во интерес на сите пензионери со размена на искуства и сознанија кои ќе се реализираат преку значајни проекти".

Во врска со престојот на Фестивалот, своето задоволство од гостувањето во Љубљана го сподели и претседателот на пензионери на Крива Паланка и Ранковце Трајче Давидовски, кој меѓудругото потсети дека нивните фолклористи со настапот докажале дека се вистински амбасадори на македонскиот фолклор. Средбата и учеството на Фестивалот имаат повеќекратно значење, во негување и развивање на традиционалните вредности како и продлабочување на соработката на добри односи помеѓу две држави.

За Интернационалниот фестивал на третата доба свое видување даде и претседателката на СЗП на Словенија, **Зденка Јан**, која не го криеше задоволството од фолклорот, носиите, музичките инструменти, од играта и песната на македонските пензионери. Таа со своите соработници имаше подготвено традиционални словенечки домашни специјалитети за гостите. Македонските пензионери за незаборавниот пречек им се оддолжија со музика и оро, а нивната изведба беше будно следена и од жителите на тој крај. Волшебниот македонски мелос им ги разгали срцата и душите и на повозрасните и на младите Словенци. Претседателката на ЗДУС **Зденка Јан** на гостите од Македонија им подари два комплета со торби и табли за играта „штрбунк", и им покажа во живо како се игра, со верба дека оваа игра ќе стане популарна во Македонија. Од името на СЗПМ на претседателката Зденка Јан и беше подарена уметничка слика со познатата „Куманово Соколана". За пречекот и гостувањето во Словенија сведочат и многу фотографии и видеа направени и од самите учесници на Фестивалот трета доба,а сето тоа е реализирано со несебичното залагање на претседателката на СЗПМ, под мотото „активно и здраво стареење".

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

СЗПМ

# XXIII РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ И XV РЕПУБЛИЧКА РЕВИЈА НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ 2025

СКОПЈЕ ЈУНИ 2025

Информативен билтен СЗПМ Фолклорни ревии